Република Македонија
Н О Т А Р
ДАРКО СТОЈКОСКИ
За подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. Трифун Хаџијанев бр. 1, Скопје.
/Ден триесетти, месец април, година двеилјадииосумнаесетта/
30.04.2018 година
Во 12,00 (дванаесет часот)

Книга I ОДУ бр. 372/18
ИЗВОД

----------**НОТАРСКИ АКТ**----------

30.04.2018/двеилјадииосумнаесетта година, месец април, ден триесетти/----------
НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ, за подрачјето на основните судови на град Скопје, со службено седиште на ул. Трифун Хаџијанев бр. 1, Скопје, потврдувам дека денес на ден **30.04.2018** година /Ден триесетти, месец април, година двеилјадииосумнаесетта/ на барање на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони АД ЕВРОПА-Скопје, присуствував на седницата на закажаното собрание на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони АД ЕВРОПА-Скопје, со седиште во Скопје на ул. 808 бр. 8 Скопје-Гази Баба, Гази Баба. Седницата на собранието се одржува во седиштето на друштвото во Скопје, на ул. 808 бр. 8, Скопје-Гази Баба, Гази Баба, со почеток во **12:00** (дванаесет) часот, на ден триесетти, месец април, во година двеилјадииосумнаесетта, при што согласно член 92 од Законот за Нотаријат и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ број 28/2004), го составив следниот ----------

---

----------**ЗАПИСНИК**----------

----------**од седница на собрание на АД ЕВРОПА-Скопје** ----------

---

Непосредно пред почетокот на Собранието на мое барање ми беа предочени:----------
А)Тековна состојба на правното лице од која утврдив дека Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје со седиште во Скопје, на 808 бр. 8 Скопје-Гази Баба, Гази Баба, е основано на ден 03.03.2006 година и е запишано во единствениот трговски регистар, со ЕМБС 4054016 и единствен даночен број 4030954262848.----------
Б)Акционерска книга на АД ЕВРОПА-Скопје издадена во електронска форма од Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 30.04.2018 (двеилјадииосумнаесетта година, месец април, ден триесетти) во 08:27:34 – 08 (осум) часот и 27 (дваесетиседум) минути и 34 (триесет и четири) секунди, од која утврдив дека номиналната основна главнина на Друштвото изнесува 13.067.958,79 ЕУР (тринаесетмилионишеесетиседумилјадиидеветстотиииипедесетиосумевра иседумдесетидеветценти), која е поделена на вкупно 255583 (двестотиниипедесетипетилјади ипетстотинииосумдесетитри) акции, чија номинална вредност изнесува 51.13 ЕУР (педесетиедноевроитринаесетценти) и дека бројот на гласовите на собранието изнесува 255583 (двестотинипедесетипетилјадиипетстотинииосумдесетитри) акции и е соодветен на вкупниот број на обични акции со право на глас.----------
В)Копија од јавниот повик за свикување на Собрание на акционерите на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, кој е објавен во дневниот печат на НОВА МАКЕДОНИЈА на ден 30.03.2018 година (двеилјадииосумнаесетта година, месец март, ден триесетти) со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на денешната седница на закажаното годишно собрание на акционерите на Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА-Скопје, со почеток во 12:00 (дванаесет) часот.----------
Г)Списокот на пријавени акционери кој е составен дел и прилог на овој Записник, при што лично утврдив дека уредно се имаат пријавено 15 (петнаесет) акционери со вкупен број на гласови 213960 (двестотинитринаесетилјадиидеветстотиниишеесет) акции.----------
Со оглед на тоа што на седницата се присутни акционери со број на акции кои даваат право на на 213960 (двестотинитринаесетилјадиидеветстотиниишеесет) акции, од вкупно 255583 (двестотини педесетипетилјадиипетстотинииосумдесетитри) акции кои даваат право на глас, постои кворум за одлучување на собранието и тоа како со просто така и со двотретинско мнозинство. ----------

Собранието го отвори претседавачот од претходното собрание Лидија Трајковиќ, која ги поздрави присутните акционери, го прочита и го објави дневниот ред, и констатираше дека собранието на денешната седница ќе работи по следниот:----------

----------ДНЕВЕН РЕД----------

I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ----------

1.Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;----------
2.Избор на претседавач на Собранието;----------
3.Избор на записничар (записникот ќе го води нотар);----------
4.Усвојување на дневен ред.----------

II.РАБОТЕН ДЕЛ----------

5.Усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 29.05.2017 година;----------
6.Разгледување и усвојување на на Извештајот за економско и финансиската ревизија на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година изготвен од страна на ревизорската куќа ЉЕ и Б;----------
7.Разгледување и усвојување на Консолидирани финансиски извештаи на групата ЕВРОПА за деловната 2017 година ревидирани од страна на ревизорската куќа Б и ЉЕ;----------
8.Разгледување и усвојување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година;----------
9.Разгледување и усвојување на Консолидирана годишна сметка за групата ЕВРОПА за деловната 2017 година;----------
10.Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.----------
11.Предлог Одлука за распределба-употреба на добивката.----------
12.Предлог Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда.----------
13.Разгледување и одобрување на извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата за работењето на друштвото во 2017 година.----------
14.Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2017 година.----------
15.Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.----------
16.Назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на друштвото за 2018 година.-
17.Предлог Одлука за измена на Статутот на друштвото.----------

Претседавачот на Собранието го стави на гласање дневниот ред, и истиот беше усвоен едногласно.----------

По објавувањето на дневниот ред се пристапи кон процедуралниот дел од работењето на Собранието, каде што седницата ја отвори претседавачот од претходното собрание, Лидија Трајковиќ која ги информираше акционерите дека согласно ЗТД Претседавач на собранието се бира за секоја седница, им посака успешна работа на присутните и ги објави податоците од верификациониот список. Констатира дека според верификациониот список присутни се акционери кои претставуваат 213960 акции, со што се исполнети законските претпоставки за одржување на денешната седница на собрание на акционери и констатира дека можат полноправно да е носат одлуки. Ги запозна присутните со предлогот на акционерите Есамедин Хасани и Мила Левентиќ повторно да биде избрана Лидија Трајковиќ како полномошник на акционерот ФЕРШПЕД АД Скопје и законски застапник на акционерот на ФЕРШПЕД БРОКЕР АД Скопје, предлогот го ставуи на гласање, и откако за истиот гласаа 213960, односно истата едногласно беше избрана за претседавач на Собранието.----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213960 гласа ЗА, ја донесе Одлуката за избор на претседавач на Собранието на акционери.----------

Во согласност со член 395 од Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, на собранието на акционери одржано на ден 30 април 2018 година се донесе следната

 ОДУ.бр.372/18

О Д Л У К А
за избор на Претседавач на Собранието на акционери

Член 1

За претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Лидија Трајковиќ .

Член 2

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на нов Претседавач.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Избраниот претседавач констатираше дека на Собранието е присутен Нотар Дарко Стојкоски кој ќе го води записникот и согласно четвртата точка од процедуралниот дел од објавениот дневен ред истакна дека материјалите од точките на дневен ред согласно член 35 од Статутот биле доставени на разгледување и запознавање на сите акционери, а содржината на дневниот ред била ставена на на увид на веб страницата на Друштвото со останатите материјали за денешната седница и акционерите имале можност да се запознаат со истиот. Согалсно чл. 400 став 1 од ЗРД и член 44 став 3 од Статутот на друштвото, гласањето по сите точки од јавниот ред ќе биде јавно. ----------

Претседавачот истакна дека во законски определениот рок од кога е објавен повикот за свикување на Собранието не е поднесено барање за вклучување на нови точки во дневниот ред, констатира дека Собранието на денешната седница ќе работи по објавениот дневен ред. Претседавачот го стави на гласање вака предложениот дневен ред утврден од страна на Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје и констатира дека истиот е усвоен едногласно од сите присутни акционери.---

По завршувањето на процедуралниот дел, Претседавачот на собранието премина на работа со вториот-работен дел од дневниот ред.----------

5.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред –Усвојување на записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 29.05.2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка на дневниот ред. Претседавачот отвори дискусија и бидејќи никој не бараше збор, претседавачот ја стави на гласање оваа точка. По пребројување на гласовите констатираше дека записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 29.05.2017 година беше усвоен едногласно со 213960 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.----------

Во согласност со Законот за трговски друштва и Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, на собранието на акционери одржано на ден 30 април 2018 година се донесе следната

ОДЛУКА
за усвојување на Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 29.05.2017 година

Член 1

Се усвојува Записникот од Собранието на акционери на друштвото одржано на ден 29.05.2017 година.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

6.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред-Разгледување и усвојување на Извештајот за економско и финансиската ревизија на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година изготвен од страна на ревизорската куќа Б и Љ.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ПРОТИВ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на Извештајот за економско и финансиската ервизија на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година изготвен од страна на ревизорската куќа Б и Љ.----------

Во согласност со член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, и член 383 и 478 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за усвојување на Финансиските извештаи
на АД ЕВРОПА Скопје за 2017 година
ревидирани од ревизорско друштво .

Член 1

Се усвојуваат финансиските изештаи на АД ЕВРОПА Скопје за годината завршена на 31 декември 2017 година ревидирани од страна на ревизорското друштво Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. – Скопје.

Член 2

Финансиските извештаи на АД ЕВРОПА Скопје за годината завршена на 31 декември 2017 година ревидирани од страна на ревизорското друштво Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. – Скопје претставуваат составен дел на Одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

7.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред –Разгледување и усвојување на консолидирани финансиски извештаи на групата ЕВРОПА за деловната 2017 година ревидирани од страна на ревизорска куќа Б и Љ.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ---------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ПРОТИВ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на консолидирани финансиски извештаи на групата ЕВРОПА за деловната 2017 година ревидирани од страна на ревизорска куќа Б и Љ.----------

Во согласност со член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје и член 506 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на Консолидираните финансиски извештаи
на групата ЕВРОПА за 2017 година
ревидирани од ревизорско друштво

Член 1

Се усвојуваат консолидираните финансиски изештаи на групата ЕВРОПА за годината завршена на 31 декември 2017 година ревидирани од страна на ревизорското друштво Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. – Скопје.

Член 2

Консолидираните финансиски извештаи на групата ЕВРОПА за годината завршена на 31 декември 2017 година ревидирани од страна на ревизорското друштво Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. – Скопје претставуваат составен дел на Одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

8.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ---------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ПРОТИВ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за деловната 2017 година.----------

Согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за усвојување на Годишната сметка
на АД ЕВРОПА Скопје за 2017 година

Член 1

Се усвојува Годишната сметка на АД ЕВРОПА Скопје за 2017 година и тоа :

1.ВКУПЕН ПРИХОД	726.233.229.00 денари
2.ВКУПНИ РАСХОДИ	671.886.118.00 денари
3.ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	54.347.111.00 денари
4.ДАНОК НА ДОБИВКА	6.185.160.00 денари
5.ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ	48.161.951.00 денари

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

9.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на Консолидирана годишна сметка за групата ЕВРОПА за деловната 2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ПРОТИВ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на Консолидирана годишна сметка за групата ЕВРОПА за деловната 2017 година.----------

Врз основа на член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, и член 504, 505 и 506 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери , на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за усвојување на Консолидираната годишна сметка
на групата ЕВРОПА за 2017 година

Член 1

Се усвојува Консолидираната годишна сметка на групата ЕВРОПА за 2017 година и тоа:

➢ ВКУПНИ ПРИХОДИ	729.082.043 денари
➢ ВКУПНИ РАСХОДИ	672.630.727 денари
➢ ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ	56.451.316 денари
➢ ДАНОК НА ДОБИВКА	6.185.160 денари
➢ ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ	50.266.156 денари

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

10.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, По оваа точка За збор се јави акционерот Сашо Ѓорѓиевски, кој постави прашање зошто производството е намалено, конкретно во Секторот за производство на бонбонски производи од каде што доаѓа и тој, а врз основа на графиконот даден во извештајот за работење. На ова прашање одговор даде Генералниот директор на АД ЕВРОПА Марика Караџова, која што истакна дека на Собранието е присутен ревозорот и може сите прашања да се постават и до него, на што по инсистирање на акционерот

Сашо Ѓорѓиевски дека Генералниот директор треба да даде осврт на работењето, Г. Директор го истакна следното. Иако производството е намалено, продажбата е зголемена, продажните цени на производите се зголемени, на пазарот се пласираат попрофитабилни производи, а потпишани се и нови договори во кои е предвидено зголемување на обемот на производство во иднина, воедно добивката за 2017 година е зголемена значително, а извештаите треба претходно да се прочитаат целосно пред да се коментира.----------

По дискусијата претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.--------

Согласно член 383 и 384 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на Извештајот за работењето на друштвото во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за работењето на друштвото во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година

Член 2

Извештајот за работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2017 година е составен дел на оваа Одлука

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

11.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Предлог Одлука за распределба-употреба на добивката.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, и истакна дека согласно материјалите се предлага нето добивката од 2017 година во износ од 48.161.951,00 денари да се распредели за законски резерви, распределена добивка за дивиденда, награда на членови на ОД, нераспределена добивка. Бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Одлуката за распределба-употреба на добивката, беше усвоена едногласно со 213960 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.----------

Согласно член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за распределба-употреба на добивката

Член 1

Нето добивката од 2017 година во износ од 48.161.951 денари да се распореди за :

1. ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ	2.408.098,00 денари
2. РАСПРЕДЕЛЕНА ДОБИВКА ЗА ДИВИДЕНДА	34.505.100,00 денари
3. НАГРАДА НА ЧЛЕНОВИ НА ОД	1.933.785,00 денари
4. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА ДОБИВКА	9.314 .968.00 денари

Член 2

Средствата предвидени за награда на членовите на ОД во бруто износ од 1.933.785.00 денари, ќе се распределат со Одлука донесена на ОД во која ќе бидат утврдени поединечните износи.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

12.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Предлог Одлука за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ---------

Потврдувам дека Одлуката за определување на износ и датуми за исплата на дивиденда, беше усвоена едногласно со 213960 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.----------

Согласно член 487 и 490 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на друштвото, Собранието на акционери на друштвото, на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за определување на износ и датуми
за исплата на дивиденда

Член 1

Се одобрува исплата на дивиденда од добивката на друштвото во 2017 година во бруто износ 34.505.100,00 денари .

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 150,00 денари.
Дивидендата ќе се исплатува во пари на трансакциска сметка на акционерите.

Член 2

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар

- Последен ден на тргување со право на дивиденда 15.05.2018 година ;
- Прв ден на тргување без право на дивиденда е 16.05.2018 година
- Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 17.05.2018 година

Член 3

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2018 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

13.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Разгледување и одобрување на извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата за работењето на друштвото во 2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, и истакна дека секоја година согласно член 480 ст. 2 и ст. 3 од ЗТД и чекн 26 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје во надлежност на Собранеието е да го разгледа и одобри извештајот од работата на членовите на Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје во надлежност на Собранието, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за Разгледување и одобрување на извештајот поднесен од неизвршните членови на одборот на директори за резултатите од контролата за работењето на друштвото во 2017 година.----------

Врз основа на член 25 од Статутот на друштвото, а во врска со член 480 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, на седницата на Собрание на акционери одржана на ден 30 април 2018 година се донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на Извештајот на неизвршните членови
на Одборот на директори

Член 1

Се одобрува Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2017 година.

Член 2

Извештајот од член 1 од оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

14.Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред – Предлог Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, при што ги информираше акционерите дека гласањето ќе се врши за секој член поединечно, па бидејќи никој не се јави за дискусија по оваа точка од дневниот ред, Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање.----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање, со кревање раце, донесе Одлука со која ја одобри работата на членовите на Одборот на директори за 2017 година, со поединечно гласање за секој од членовите и тоа:----------

- **Марија Каранфиловиќ** со 213860 гласа **ЗА** и 100 гласа **ВОЗДРЖАНИ**;----------
- **Драган Наков** со 213860 гласа **ЗА** и 100 гласа **ВОЗДРЖАНИ**;----------
- **Есамедин Хасани** едногласно со 213960 гласа **ЗА**;----------
- **Наташа Милева** со 213860 гласа **ЗА** и 100 гласа **ВОЗДРЖАНИ**;----------
- **Марика Караџова** едногласно со 213960 гласа **ЗА**;----------
- **Јасмина Цветаноска** со 213860 гласа **ЗА** и 100 гласа **ВОЗДРЖАНИ**;----------
- **Селаудин Арифи** едногласно со 213960 гласа **ЗА**;----------

Потврдувам дека Одлуката за Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2017 година, беше усвоена по пат на јавно гласање со кревање раце за секој од членовите поединечно.----------

Согласно член 383 став 1, точка 4 и член 384 точка 5 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори

Член 1

Се одобрува работата и водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори во 2017 година и тоа :

1. Марија Каранфиловиќ – неизвршен член - Претседател на Одборот на директори ;
2. Драган Наков - неизвршен член ;
3. Есамедин Хасани - неизвршен член ;
4. Наташа Милева - неизвршен и независен член ;
5. Марика Караџова - извршен член, Генерален директор ;
6. Јасмина Цветаноска - извршен член, одговорна за прашања со вработените и односите со вработените и
7. Селаудин Арифи - извршен член

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

15. Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред- Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка од дневниот ред, при што согласно член 415-в од ЗТД органот за надзор е должен да достави годишен извештај за внатрешна ревизија до Собранието на друштвото, па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.----------

Согласно член 415-в од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.

Член 1

Се усвојува Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.

Член 2

Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

16. Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред- Предлог Одлука за назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на друштвото за 2018 година.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па истакна дека до Собранието на друштвото е доставен предлог со мислење за назначување на ревизорско друштво Б и Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје, кое има доставено најсоодветна понуда. ----------

Потврдувам дека Собранието по пат на јавно гласање со кревање раце со 213860 гласа ЗА, и 100 гласа ВОЗДРЖАНИ, ја донесе Одлуката за назначување на ревизорско друштво за ревизија на работењето на друштвото за 2018 година.----------

Согласно член 383 а во врска со член 479 став 2 од Законот за трговските друштва и член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за назначување на овластено ревизорско друштво за ревизија на работењето на АД ЕВРОПА Скопје за 2018 година

Член 1

Се назначува ревизорското друштво Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО Скопје да изврши економско-финансиска ревизија на финансиските извештаи на АД ЕВРОПА Скопје за 2018 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

17. Се пристапи кон разгледување на точката на дневен ред- Предлог Одлука за измена на Статутот на друштвото.----------

Претседавачот на Собранието ја отвори расправата по оваа точка, па истакна дека согласно член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје и член 383 од ЗТД дека во надлежност на Собранието е да врши измени на Статутот. Па во однос на тоа истакна дека предложените измени се однесуваат на промена на члена 45 ст. 3 од Статутот, на начин што Одборот на директори има седум члена од кои еден извршен, а останатите 6 неизвршни, од кои еден е независен член. Исто така претседавачот истакна дека се менува член 49, и во иднина иститот ќе гласи: од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори назначува/именуваеден извршен член. Изборот на извршниот член се врши со едногласна одлука на сите членови на одборот на директори со мандат од четири години со можност за повторен избор. Исто така во статутот се предлага да се

измени и член 51 ст. 2 на анчин што бројот 10.000 се заменува со бројот 300.000, и во членот 64 ставот 4 се брише. Па бидејќи немаше дискусија по оваа точка од дневниот ред Претседавачот на Собранието истата ја стави на гласање. ----------

Потврдувам дека Одлуката за измена на Статутот на друштвото, беше усвоена едногласно со 213960 гласа по пат на јавно гласање со кревање раце.----------

Согласно член 25 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје и член 383 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 30 април 2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за измена на Статутот на

АД ЕВРОПА Скопје

Член 1

Во член 45, ставот 3 се менува и гласи :

„ Одборот на директори има седум члена од кои еден извршен член, а останатите 6 неизвршни, од кои еден е независен член."

Член 2

Се менува член 49 и гласи :

„ Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори назначува/ именува еден извршен член. Изборот на извршниот член се врши со едногласна одлука на сите членови на одборот на директори со мандат од 4 години со можност за повторен избор.

Извршниот член го носи називот Генерален директор."

Член 3

Во членот 51 став 2 бројот „10.000" се заменува со бројот „300.000".

Член 4

Во членот 64 ставот 4 се брише.

Член 5

Се овластува лицето Зоран Здравев од Скопје, со бр. На лк А2053791 вработен во друштвото да ја спроведе оваа одлука во Централниот регистар на Р.М.

Член 6

Се овластува Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје да утврди ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ на Статутот на Акционерско друштво, фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА – Скопје.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Откако беше исцрпен дневниот ред, Претседавачот констатира дека собранието заврши со работа во 12.30 (дванаесет часот и триесет минути) часот.----------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од оваа правна работа.----------

Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Нотарски Акт во целост одговара на дејствијата кои се случуваа на седницата на Собранието.----------

Овој нотарски акт е составен на десет страни од десет листа. На странката и се издаваат два изводи, а изворниот акт се чува во мојата архива.----------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 32 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријат во износ од **500,00** денари, наплатена и поништена примерокот кој останува за архивирање. ----------

Нотарска награда е пресметана во износ од **10.000,00** денари согласно член 41г од Нотарската тарифа.----------

---

За учесникот во постапката, Претседавач на Собранието----------

Трајковиќ Лидија с.р._____ ----------

ОДУ бр.372/18, Скопје, 30-04-2018-двеилјадииосумнаесетта година, месец април, ден триесетти.

НОТАР Дарко Стојкоски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ДАРКО
СТОЈКОСКИ
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ДАРКО СТОЈКОСКИ

(име, презиме и седиште и адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е ф6 извод - потполн - во извадок, кон кого ... се ... се приложени ... прописи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 372/18

Во Скопје 30.04. 2018 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ДАРКО СТОЈКОСКИ СКОПЈЕ